Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на членот 182 став 1 од Законот за заштита на децата ( Сл. Весник на РМ. Бр.23/13), Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ НА ДИРЕКТОРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА, СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ, СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ, ВОСПИТУВАЧИ И НЕГОВАТЕЛИ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТАНИЕ НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

## ОСНОВНА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА:

Програмата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца, како и физички лица за вршење одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност и за вработени односно ангажирани лица во агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и други заинтересирани лица, има за цел да ја развива компетентноста на стручните лица, со што се придонесува за осовременување и реализација на знаењата, вештините и ставовите, како и ефективно и ефикасно реализирање на одредена функција или активност. Зајакнувањето на компетентноста во давањето на услуги во системот на заштитата на децата ќе придонесе во остварување на развојните програми.

## ПОСЕБНА ЦЕЛ:

Посебната цел се однесува на развивање на знаењата и вештините кои се релевантни за специфични подрачја од заштита на децата и се претпоставка за унапредување и развој на услугите во истите.

Посебната цел исто така, подразбира знаења и вештини за примена на интегрален пристап во идентификување на потребите, развој на услугите, како и научните достигнувања базирани на докази како и стручна примена на сите прописи и акти кои се однесуваат на областа за заштитата на децата.

НАЧИН НА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ:

Согласно Програмата Комисијата објавува оглас за пријавување на кандидати за стекнување на лиценца за работа на стручните лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца, на веб страната на министерството.

Постапката за аплицирање за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца, ќе се реализира во сесии согласно бројот на пријавени кандидати.

За спроведување проверка на стручната способност на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца ,потребно е да се пријават најмалку 10 кандидати.

Стручните лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца заинтересирани за стекнување, обновување и продолжување на лиценцата до Комисијата за лиценцирање, доставуваат документи согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негователи во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и формата и содржината на образецот за лиценцата за работа ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/13).

По прифаќање на барањето од Комисијата, се утврдуваат термините за проверка на стручното знаење и на кандидатот му се закажува термин за проверка на стручното знаење. Проверката се врши пред Комисијата за лиценцирање.

## А. ОБУКА ЗА ДИРЕКТОРИ НА УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА:

**Обуката** за стекнување на лиценца за работа во времетраење од 40 часа за директори на установите за деца ги содржи следните модули:

- финансиско работење (10 часа)
- раководење со човечки ресурси (10 часа)
- педагошка работа и евиденција и (10 часа)
- законска регулатива. (10 часа)

### Финансиско работење:

Преку овој модул се предвидува кандидатите да се запознаат со подготовка на финансов план на установата и со законската регулатива од областа на

финансиското работење(Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетот на РМ, Законот за јавните набавки ).

**Раководење со човечки ресурси:**
Преку овој модул учесниците ќе се запознаат со основните теоретски принципи и концепти за работа со вработените, запознавање со разни комуникациски вештини, управувачки вештини и организациски вештини;

**Педагошка работа и евиденција:**
Учесниците преку овој модул ќе се запознаат со основните теоретски принципи за управување со состаноци разрешување конфликти и давање на поддршка во воспитно згрижувачкиот процес.

**Законска регулатива:**
Кандидатите треба да стекнат со потребните знаења од правната регулатива, закони и прописи кои ја покриваат областа од заштитата на децата ( Законот за заштита на децата, Законот за јавните службеници, Законот за работни односи и Колективните договори за јавниот сектор и Колективен договорна ниво на гранка);
Пријавата за обука на кандидат за директор на установа за деца се поднесува до **Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца** лично во архивата на министерството или преку препорачана пошта на адреса **Ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје** .
Пријавата може да се испечати од веб страната на министерството или да се подигне од архивата на министерството.

## Б. ИСПИТНИ ПРАШАЊА ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА НА:

## I. СТРУЧЕН РАБОТНИК / СТРУЧЕН СОРАБОТНИК:

***Прашања од педагошката литература и Стандардите за рано учење и развој***

1. Каков вид истражувања се акционите истражувања
2. Работа во тим
3. Современи трендови во развојот на предучилишното воспитание
4. Основни принципи за развој на предучилишното воспитание и образование
5. Објаснете го принципот на интегративност на предучилишното воспитание и образование
6. Начини на стручен и професионален развој
7. Што се подразбира под принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес?

8. Улогата на стручниот работник/соработник во развојот на воспитно-образовната дејност во градинката
9. Индивидуална работа со децата во градинката
10. Кризата на третата година/ Виготски
11. Рано детство/ според Виготски
12. Инструменти на истражување во воспитно-образовниот процес
13. Карактеристиките на современиот курикулум
14. Разлики меѓу функционален и хуманистички пристап кон воспитанието
15. Фактори на развој во раниот период
16. Што се подразбира под структурирана средина
17. Разлика меѓу интенционалното и функционалното воспитание
18. Когнитивно-развоен пристап кон воспитанието
19. Целите на воспитанието во раното детство
20. Функции на предучилишното воспитание
21. Што се подразбира под планирање и програмирање на воспитно-образовната работа?
22. Видови планирања
23. Објасни ги поимите акцелерација и амплификација во развојот
24. Законитости во психофизичкиот развој кај децата
25. Особини на предучилишна возраст
26. Видови учење во раниот детски развој
27. Детството како посебен развоен период
28. Семејството и воспитувањето на децата
29. Значење на соработката меѓу градинката и семејството
30. Активно родителство
31. Што претставува Конвенцијата за заштита на правата на децата?
32. Кои се *Монтесори материјали* за воспитно-образовна работа
33. Кои се принципите на Монтесори- педагогогијата /објасни еден од нив.
34. Периодите на осетливост и впивачкиот дух кај Монтесори
35. Критика на Монтесори методот
36. Што се подразбира под евалуација на програмата?
37. Карактеристики на физичкиот развој во раното детство
38. Развој на емоциите во раното детство
39. Процесот на адаптација во раното детство
40. Наведи постапки со помош на кои може да се олесни адаптацијата на децата во градинката
41. Внатрешна и надворешна мотивација кај децата
42. Методи на работа со децата во предучилишниот период
43. Поим за интегрирано планирање
44. Играта како примарна активност во детската возраст
45. Центри за учење и активност и нивно креирање
46. Структурирана средина за учење и развој
47. Развивање на социјабилноста и интеракцијата на предучилишното дете
48. Портфолиото на децата и неговото значење во планирање на активностите

49. Педагошка документација и евиденција
50. Кои се карактеристиките на развојот во раната и предучилишната возраст?
51. Интермитентност во развојот
52. Алтернативност во развојот
53. Константност на развојниот редослед
54. Карактеристики на физичкиот развој во раното детство
55. Развој на емоциите во раното детство
56. Наведи ги својствата на волевата активност кај детето
57. Од што зависи успешноста на методите со кои се влијае врз детското поведение
58. Индивидуална работа со децата во градинката
59. Кризата на третата година/ Виготски
60. Рано детство/ според Виготски
61. Когнитивната теорија од Пијаже
62. Стадиуми на развој според Пијаже
63. Кој ја застапува синтагмата учење пред развој и развој пред учење?
64. Што претставува точка на оптимален развој?
65. Инструменти на истражување во воспитно-образовниот процес
66. Што подразбираш под поимот деперцептуализација?
67. Етапи во развојот на самостојноста кај децата
68. Услови за развивање на самостојноста
69. Видови учење во раниот детски развој
70. Која е разликата меѓу автократскиот и демократскиот воспитен стил на родителите?
71. Наведи ги принципите на хуманизирање на воспитниот стил на родителите
72. Едукација на семејството
73. Наведи ги грешките кои најчесто ги прават родителите во воспитувањето на своите деца
74. Улогата на градинките во развојот на воспитниот стил на родителите (определи и објасни)
75. Разлика меѓу педагошко образование и педагошка култура на родителите (објасни)
76. Наведи ги средствата на семејното воспитание
77. Што претставува раниот детски развој?
78. Што се тоа Стандарди за рано учење и развој?
79. Објасни на што се однесува холистичкиот пристап во развојот на децата
80. Водечки принципи и вредности при развој на стандардите за рано учење и развој
81. Домени и суб-домени на развој (наброј ги)
82. Дистрибуција на возрасни групи
83. Дефинирање на терминот *развоен домен*,
84. Дефинирање на терминот стандард,
85. Дефинирање на терминот индикатор,

86. Дефинирање на терминот активности за учење)
87. Здравје и моторен развој
88. Социо-емоционален развој
89. Развој на пристап кон учење
90. Развој на јазикот, описменување и комуникација
91. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења
92. Кои се работните задачи на стручниот работник-педагог, согласно со систематизацијата на работните места во градинката?
93. Хуманистичкиот пристап кон воспитанието произлегува од:(заокружи го точниот одговор):
    а) Феноменолошкото толкување на човековата природа
    б) Бихејвиористичкото толкување на човековата природа

94. Когнитивно развојните програми одговараат на: (заокружи го точниот одговор):
    а) функционалниот пристап кон воспитанието
    б) хуманисти;киот пристап кон воспитанието
94. Заокружи која од наведените караткеристики <u>не</u> се однесува на семејното воспитание
    а) однапред е испланирано
    б) психолошки е засновано
    в) располага со влијание на моделот во учењето
    г) нема утврден режим на детските активности
    д) целосно ги задоволува детските природни потреби,
    ѓ) користи исти воспитни мерки како и институционалното воспитание
95. Хуманистичкиот пристап кон воспитанието произлегува од: (заокружи го точниот одговор):
    а) Феноменолошкото толкување на човековата природа
    б) Бихејвиористичкото толкување на човековата природа
96. Кои се биолошките задачи на физичкото воспитание кај децата од предучилишна возраст?
    а. Влијанието на растот и развојот на организмот, влијанието врз локомоторниот апарат, формирање на правилно држење на телото, зголемување на отпорноста на организмот на надворешни влијанија, создавање на здравствено-хигиенски навики.
    б. Развој на морално-волевите квалитети, дисциплина, развивање на позитивен однос кон работата, социјализација, другарство, меѓусебно помагање, развивање на чувство за убаво и складност преку телесното движење, развивање на чувство за хармоничен развој на телото , изразување на емотивната состојба.
    в. Развој на моторичките способности, стекнување на моторни умеења и навики, развивање на функцијата на сетилните органи, усовршување на стекнатите навики, стекнување на теоретско знаење.

97. Основно средство на физичкото и здраствено воспитание во предучилишната возраст се?

    а) физичката вежба (природните форми на движење),

    б) природни фактори (воздух, вода и сонце )

    в) хигиенски услови (лична и општа хигиена, правилна исхрана, уреден живот -време на одмор и активност)

98. Под цефало-каудален принцип во моторниот развој кај децата се подразбира:

    а. контрола на мускулите која започнува од горните делови на телото кон долните

    в. контрола на мускулите која започнува од долните кон горните

    г. контрола на мускулите која започнува од поблиските кон подалечните делови на телото

99. За презентирање на моторичките задачи во предучилишната возраст се користат:

    а. метода на демонстрација, метода на поставување моторички задачи и метода на „жив збор" - вербална метода

    б. синтетичка, аналитичка, комплексна

    в. метода на тренирање

100. Основни цели на финиот моторички развој се:

    а. Детето да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите, детето да може да ракува со играчки и разни предмети

    б. Детето да може да ја одржи рамнотежата на телото,

    в. Детето да може да се движи координирано со цел

101. Што ја чини моториката на човекот единствена?

102. Антрополошките карактеристики

103. Мускулниот и нервниот систем

104. Моторичките способности

105. Што се моторички способности?

106. Што се моторички навики?

107. Моториката на човекот се наследува?

Да Не

108. Што претставува доминантна латерализираност на моториката?

109. Одлики на моториката во детството (одбери: доенче, мали деца или предучилишна возраст)

110. Фази во развојот на движењата

111. Кои се природни форми на движењата?

112. Кои се природни форми на движењата?

113. Кои се биотичките моторички знаења за совладување на просторот?

114. Кои се биотичките моторички знаења за совладување на препреки?

115. Кои се биотичките моторички знаења за совладување на отпорот?

116. Кои се биотичките моторички знаења за манипулирање со објекти?

117. Што претставуваат елементарните игри?

118. Кои се одликите на елементарните игри?

119. Кои се одликите на спортските игри?

120. Примената на елементарните игри има за цел:
121. Што претставуваат вежбите за оформување и како се поделени
122. Што претставуваат вежбите за оформување и како се поделени
123. Вежби за воведување во работа (загревање) :

*Прашања од законската регулатива*

124. Наведете, според времетраењето какви програми остварува детската градинка?
125. Вонинституционалните активности, се организираат и изведуваат во јавните детски градинки, по добиено одобрение:

А. Од министерот за труд и социјална политика, по мислење на Бирото за развој на образованието.

Б. Од градоначалникот на Општината, по мислење на Бирото за развој на образованието.

В. Од директорот на градинката , по мислење на Министерот за труд и социјална политика.

125. Во состав на јавната детска градинка, односно градинка во приватна сопственост може да се формира центар за ран детски развој со одлука:

А. На основачот и под услови утврдени со законот за Заштита на децата

Б. На основачот и одлука на Влада

В. На основачот и со одлука на Советот на родители

126. Стручен орган во јавна установа за деца е:

А. Стручен совет

Б. Управен одбор

В. Совет на воспитувачи

127. Кој раководи со стручниот совет:

А. Директорот на градинката

Б. Педагогот на градинката

В. Одговорниот воспитувач

128. Кој го сочинува стручниот совет во градинката?
129. Какви работи извршува Стручниот совет во градинката?
130. Кој го именува и разрешува претставникот на јавната установа за деца од редот на вработените во управниот одбор на јавната установа за деца?

А. Стручниот совет

Б. Директорот на градинката

В. Градоначалникот на општината

131. Во какви звања напредуваат Стручните работници во јавните детски градинки?
132. Крајниот рок за донесување на Годишната програма за работа на градинката е:

А. Најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година

Б. Најдоцна до 30 јуни во тековната година за наредната година

В. Најдоцна до 15 декември во тековната година за наредната година

133. Во установа за деца како воспитно-образовни материјали за реализација на активностите од страна на згрижувачко воспитниот кадар се употребуваат:

А. Прирачници и детски списанија, со решение за одобрување и употреба на прирачници и детски списанија донесено од Министерот, по претходно мислење на Педагошката служба.

Б. Сликовници, со решение за одобрување и употреба на прирачници и детски списанија донесено од Министерот, по претходно мислење на Педагошката служба.

В. Учебници, со решение за одобрување и употреба на прирачници и детски списанија донесено од Министерот, по претходно мислење на Педагошката служба.

134. Кој го врши оценувањето на Јавните службеници - стручни работници и соработници во јавната установа за деца.

А. Непосредно претпоставен јавен службеник

Б. Градоначалникот на општината

В. Министерот за труд и социјална политика

135. Кој ја подготвува годишната програма за работа на градинката?

136. Кој врши проверка на примената на стручните знаења на стручните работници и соработници во градинката

А. Комисијата за лиценцирање

Б. Педагошките факултети

В. Директорот на градинката

137. Кој ја издава лиценцата за работа на стручните работници и соработници во јавните установи за деца?

А. Министерот за труд и социјална политика

Б. Комисијата за лиценцирање

В. Градоначалникот на општината

138. Стручните работници и соработници можат да се стекнат со соодветна лиценца за работа, доколку имаат:

А. Диплома за завршено соодветно образование и ако успешно ја поминале проверката на примената на стручното знаење од Комисијата за лиценцирање .

Б. Диплома за завршено соодветно образование и да имаат државјанство на Република Македонија.

В. Диплома за завршено соодветно образование и најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовна работа на работно место стручен работник/стручен соработник во градинката.

139. Во кој рок, до Комисијата за лиценцирање се поднесува барање за обновување, односно продолжување на лиценцата за работа?

А. Најмалку три месеци пред истекот на лиценцата за работа.

Б. Најмалку деведесет дена пред истекот на лиценцата за работа

В. Најмалку шест месеци пред истекот на лиценцата за работа

140.Кој врши надзор над стручната работа во остварувањето, згрижувањето, воспитанието, престојот,негата, исхраната:

А. Министерството за труд и социјална политика

Б. Министерството за образование

В. Министерството за здравство

141. Кој врши надзор над остварување на образовната работа во детските градинки:

А. Министерството за образование

Б. Министерството за труд и социјална политика

В. Министерството за здравство

142. Што се утврдува со надзорот на стручната работа?

143. Наведете ги Манифестациите посветени на децата, регулирани со Законот за заштита на децата.

144.Со што се утврдуваат работните задачи на стручните работници и соработници во установите за деца;

А. Со Правилник за систематизација на работните места

Б. Со Деловник за работа на стручните работници и соработници

В. Со Статутот на установата

145. Во установите за деца се води педагошка евиденција и документација?

А. Точно

Б. Не точно

146. Што претставува педагошката документација?

147. Главната книга претставува документ од трајна вредност?

А. Точно

Б. Не точно

148. Кои документи ги опфаќа педагошката евиденција во градинките /центарот за ран детски развој?

149.Планирањето и подготвувањето на воспитно образовната работа во градинката/центарот за ран детски развој претставува?

А. Водење на педагошка евиденција

Б. Водење на педагошка документација

В. Водење на педагошка евиденција и документација

150. Вреднувањето на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст, се врши преку правилник за индикаторите за вреднување донесен од министерот за труд и социјална политика?

А. Точно

Б. Неточно

ЛИТЕРАТУРА

1. Каменов, Е. (1988), Предучилишна педагогија (книга прва и книга втора), Скопје: Просветно дело
2. Котева – Мојсовска, Т. (2006), Семејното воспитание и социјалното однесување на децата, скопје: Академски печат (до 140 стр и заклучоците во емпирискиот дел)

3. Дамовска, Л. и други, (2010). Стандарди за рано учење и развој, Министерство за труд и социјална политика и УНИЦЕФ, Скопје
4. Јовановски, Ј. (2013). Антропомоторика, Маринг, Скопје.
5. Зборник на трудови (во редакција на Лена Дамовска), (2012), Нови практики во детските градинки, Скопје: Темпора Веритас ( до 54 стр)
6. Котева-Мојсовска, Т. "Рефлексивната практика – императив за осовременување на предучилишниот воспитно-образовен процес",(2003), Зборник на трудови: Современото предучилишно воспитание и основното образование – состојби и перспективи, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Педагошки факултет "Св. Климент Охридски", Скопје,
7. Национална програма за развој на образованието во Р. М. до 2015 Скопје,: МОН на Р. Македонија
8. Стојановска, В. (2004), Дидактички аспекти на соработката меѓу училишниот педагог и наставниците, Скопје: Форум
9. Виготски, Л. (1989) Развој учење и игра –книга втора, Скопје: Просветно дело
10. Закон за заштита на децата, (Службен весник на РМ, бр 23/13)
11. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детската градинка и центарот за ран детски развој (Службен.весник на РМ бр 87/13г.)

## II. ВОСПИТУВАЧИ:

### Прашања од педагошката литература *и од Стандардите за рано учење и развој*

1. Која е разликата меѓу интенционалното и функционалното воспитание?
2. Наброј ги функциите на предучилишното воспитание?
3. Кои се разликите меѓу функционалниот и хуманистичкиот пристап кон воспитанието?.
4. Што проучува предучилишната педагогија?
5. Кои се задачите на предучилишната педагогија?
6. Кои се факторите на развојот во предучилишниот период?
7. Кое е значењето на активноста како фактор на развојот?
8. Објасни ги поимите акцелерација и амплификација во развојот
9. Улогата на искуството во учењето и развојот на децата
10. Објасни ги поимите воспитание и образование во предучилишниот период
11. Кои се законитостите во психофизичкиот развој кај децата?
12. Што се подразбира под *критични периоди* во развојот на децата?
13. Сфаќањето на Виготски за периодите на осетливост
14. Со што се карактеризира фазата на егоцентризам кај децата?
15. Кои методи на воспитно-образовна работа се користат со децата во предучилишниот период?

16. Објасни го откривачкиот метод во воспитно-образовната работа со децата.
17. Кои се фазите на реализација на проблемскиот метод?
18. Улогата на проблемскиот метод во воспитно-образовната работа со децата
19. Учење со идентификација
20. Учење со имитација
21. Учење низ проекти
22. Детството како посебен развоен период
23. Значењето на семејството во воспитувањето на децата
24. Значење на соработката со семејството во предучилишниот период
25. Форми на соработка со семејството
26. Активно родителство
27. Кои се основните права на децата според Конвенција за заштита на правата на децата?
28. Кој пристап кон воспитанието се нарекува матурациско социјализаторски пристап?
29. Кои се карактеристиките на когнитивно-развојниот пристап кон воспитанието?
30. Кои се целите на воспитанието во раното детство?
31. Идеите за саморазвој во детството, според Коменски
32. Наброј ги Фребелови дарови - прв дидактички материјал за предучилишните деца
33. Монтесори материјали
34. Наброј ги принципите на Монтесори педагогогија и објасни еден од нив
35. Периодите на осетливост и впивачкиот дух кај Монтесори
36. Критика на Монтесори методот
37. Што се подразбира под евалуација на програмата?
38. На што се однесува когнитивниот развој во периодот на раниот детски развој?
39. Карактеристики на физичкиот развој во раното детство
40. Развој на емоциите во раното детство
41. Кои емоции се нарекуваат *интегративни* и кои се начините на нивно поттикнување?
42. Нестабилност и променливост на емоциите во детството
43. Развивање на самопочитувањето кај децата
44. Функцијата на творештвото во детскиот развој
45. Процесот на адаптација во раното детство -објасни
46. Проблемот на раздвојување на детето од семејството
47. Внатрешна и надворешна мотивација кај децата
48. Наброј ги видовите планирања на воспитно-образовната работа во детските градинки
49. Тематско планирање - карактеристики и компоненти
50. Поим за интегрирано планирање
51. Играта како примарна активност во детската возраст

52. Карактеристики на детската игра
53. Класификација на детската игра
54. Карактеристики на дидактичките игри
55. Конструктивни игри - објасни
56. Кои се центри за учење и активност и како се креираат
57. Што се подразбира под структурирана средина за учење и развој
58. Портфолиото на децата и неговото значење во планирање на активностите
59. Дефинирај го и објасни го поимот искуство
60. Што претставува дивергентното мислење?
61. Кои се фазите на реализација на проблемскиот метод?
62. Кои се карактеристиките на развојот во раната и предучилишната возраст?
63. Што подразбираш под поимот деперцептуализација?
64. Кои се етапите во развојот на самостојноста кај децата?
65. Кои услови се потребни за развивање на самостојноста кај децата?
66. Наведи четири карактеристики на автократскиот семеен воспитен стил
67. Наведи ги грешките кои најчесто ги прават родителите во воспитувањето на своите деца
68. Кои воспитни стилови најчесто се сретнуваат кај нашите семејства?
69. Улогата на градинките во развојот на воспитниот стил на родителите (определи и објасни)
70. Разлика меѓу педагошко образование и педагошка култура на родителите (објасни)
71. Наведи ги средствата на семејното воспитание
72. Кои се работните задачи на воспитувачот, согласно со систематизацијата на работните места во градинката
73. Негативните техники на дисциплинирање на децата во семејството се делат на следните подгрупи

    А)________________________ Б)_________________________________
74. Заокружи кој од наведените описи одговара на принципот на доследност во хуманизирањето на воспитниот стил на родителите

    а) усогласеност на личните дејствија на родителот со барањата кои се поставуваат кон детето

    б) еднаков приод во постапките кон детето од страна на двајцата родители

    в) примена на исти воспитни мерки од страна на родителот во исти или слични ситуации

    г) целосно физичко, ментално и емоционално ангажирање на родителот во дружењето со детето
75. Заокружи која од наведените караткеристики <u>не</u> се однесува на семејното воспитание

    а ) однапред е испланирано

    б) психолошки е засновано

    в) располага со влијание на моделот во учењето

г) нема утврден режим на детските активности

д) целосно ги задоволува детските природни потреби,

ѓ) користи исти воспитни мерки како и институционалното воспитание

76. Хуманистичкиот пристап кон воспитанието произлегува од: (заокружи го точниот одговор):

    а) Феноменолошкото толкување на човековата природа

    б) Бихејвиористичкото толкување на човековата природа

77. Когнитивно развојните програми одговараат на: (заокружи го точниот одговор):

    а) функционалниот пристап кон воспитанието

    б) хуманисти;киот пристап кон воспитанието

78. Матурациско - социјализациските програми припаѓаат на хуманистчикиот пристап кон воспитанието: (заокружи го точниот одговор)

    а) точно    б) неточно

79. Делумно се структуирани:

    а) Матурациско-социјализациските програми

    б) Когнитивно-развојните програми

    в) Когнитивно –академските програми

80. Преминот од практично-перцептивно кон мисловно или појмовно решавање на проблемите кај децата од предучилишна возраст се вика: (допиши над линијата)______________________________________

81. Во следната реченица заокружи го тврдењето кое е точно:

    *Организираното предучилишно воспитание*:

    а) ја заменува семејната воспитна улога

    б) ја дополнува семејната воспитна улога

82. Една од функциите на предучилишното воспитание е подготовка на децата за: (допиши над линијата)_________________________________

